# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 199** | **30 септември 2019, понеделник** | **година LXXV**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**С О Д Р Ж И Н А**

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3160. | **Уредба** за изменување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон (*)................................................ | 2 |
| 3161. | **Уредба** за престанок на важење на Уредбата за начинот на утврдувањето на неповолниот климатски настан, настанатата штета, пресметувањето на загубата на приходот, пресметката на штетата, постапката за исплатата на помошта.................. | 3 |
| 3162. | **Одлука** за пренесување во сопственост недвижна ствар на Општина Крушево............................................ | 3 |
| 3163. | **Одлука** за начинот на наплата на износот за „Детска недела“ во времето од 7 до 13.10.2019 година....... | 3 |
| 3164. | **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4–времено сместување КО Долно Седларце, Општина Брвеница........................................... | 4 |
| 3165. | **Одлука** за давање согласност на Одлуката за кредитно задолжување на ЈП „Национални шуми“ – п.о. - Скопје................................................ | 4 |
| 3166. | **Програма** за изменување на Програмата за обезбедување на трошоците за болни кои се третираат со дијализа и активности за пациентите со хемофилија во Република Македонија за 2019 година................... | 5 |
| 3167. | **Правилник** за формата и содржината на барањето за упис во регистарот на здруженија овластени за давање примарна правна помош и во регистарот на правни факултети овластени за давање примарна правна помош.................................... | 5 |
| 3168. | **Правилник** за содржината, формата и начинот на водење на евиденција за податоците што се однесуваат на дадената примарна правна помош и содржината на извештаите кои ги доставуваат здруженијата и правните клиники до Министерството за правда........................... | 10 |
| 3169. | **Правилник** за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на здруженија овластени за давање примарна правна помош и регистарот на правни факултети овластени за давање примарна правна помош................................................ | 14 |

Стр.

3170. **Правилник** за минималните просторни и технички услови кои треба да ги исполнуваат здруженијата заради запишување во регистарот на здруженија овластени за давање примарна правна помош.................. **16**

3171. **Правилник** за образецот на трошковникот за обемот на извршената работа од здруженијата и правните клиники............................................. **16**

3172. **Правилник** за формата и содржината на барањето за секундарна правна помош.................................... **19**

3173. **Правилник** за формата и содржината на образецот на барањето за запишување во регистарот на адвокати за секундарна правна помош... **26**

3174. **Правилник** за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на адвокати за секундарна правна помош.................................... **30**

3175. **Правилник** за образецот на трошковникот за дадената секундарна правна помош од адвокат................ **30**

3176. **Правилник** за образецот на доставениот трошковник од страна на адвокатот за дадената правна помош на деца...................................... **32**

3177. **Правилник** за образецот на барањето за бесплатна правна помош во постапка за признавање на право на азил..................................................... **34**

3178. **Правилник** за образецот на трошковникот за дадената секундарна правна помош од страна на адвокат во постапка за признавање на право на азил.......................................... **39**

Стр.

3179. **Правилник** за начинот за назначување на адвокат................................ **41**

3180. **Правилник** за содржината, формата и начинот на водење евиденција за податоците што се однесуваат на решавањето на поднесените барања за секундарна правна помош и содржината на извештаите.................... **42**

3181. **Правилник** за начинот на распишување и спроведување на јавниот конкурс за доделување на финансиски средства за давање на примарна правна помош на овластените здруженија и правните клиники даватели на примарна правна помош, проверката на поднесените документи, начинот на бодување при оценување на пријавите и вршењето на контрола на трошењето на средствата................................ **45**

3182. **Тарифа** за надомест на трошоците за работа на здруженијата и правните клиники за давање на примарна правна помош............................... **54**

3183. **Правилник** за изменување на Правилникот за организацијата на работното време, времето на летање и времетраењето на одморот на членовите на екипажот на воздухоплов.. **54**

3184. **Одлука** за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт... **54**

**Огласен дел**...................................... **1-72**

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3160.**

Врз основа на член 257 од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/05, 4/08, 48/10, 158/10, 44/11, 53/11, 11/12, 171/12, 187/13, 15/15, 129/15, 154/15, 192/15, 23/16, 181/17 и 144/18), Владата на Република Северна Македонија, на седница, одржана на 24 септември 2019 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИОТ ЗАКОН (*)

Член 1

Во Уредбата за спроведување на Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/05, 73/06, 40/07, 62/07, 42/09, 38/10, 46/10, 61/10, 141/11, 14/12, 2/13, 92/13, 177/13, 62/15, 111/15, 215/15, 192/16, 21/17, 181/17 и 233/18) во член 169-б, во став (1) во првиот потстав зборовите „член 10-ж на оваа уредба, со исклучок на точка в) од став (1) на член 10-ж, условите од член 10-з точки г), д) и е) и условите од член 10-ѕ“ се заменуваат со зборовите „член 10-а став (2), условите од член 10-б точки ѓ), е) и з) и условите од член 10-в“.

Во вториот потстав зборовите „од член 10-ж на оваа уредба, со исклучок на точка в) од став (1) на член 10-ж, условите од член 10-з и условите од член 10-ѕ“ се заменуваат со зборовите „член 10-а став (2), условите од член 10-б и условите од член 10-в“.

Во третиот потстав зборовите „членот 10-а став (2)“ се заменуваат со зборовите „членот 10-ј став (4)“.

Во ставот (2) зборовите „уверение за ОЕО од член 10-а став (1) точки а), б) и в) на оваа уредба“ се заменуваат со зборовите „одобрение од член 6-а став (2) од Царинскиот закон“.

Член 2

Во член 169-в, во ставот (1) под б) зборовите „член 10-ж став (1) точки а), б) или г)“ се заменуваат со зборовите „член 10-а став (2)“.

Член 3

Во член 169-ѓ, во ставот (1) под б) зборовите „член 10-ж став (1) точки а), б) или г)“ се заменуваат со зборовите „член 10-а став (2)“.

Член 4

Во член 177, во ставот (2) зборовите „уверение за ОЕО од член 10-а став (1) точки а) или в) на оваа уредба“ се заменуваат со зборовите „одобрение од член 6-а став (2) точка а) од Царинскиот закон“.

Член 5

Во член 180, во ставот (2) зборовите „уверение за ОЕО од член 10-а став (1) точки а) или в) на оваа уредба“ се заменуваат со зборовите „одобрение од член 6-а став (2) точка а) од Царинскиот закон“.

* Оваа уредба не е предмет на усогласување со Европското законодавство.

Член 6

Во член 186, во ставот (2) зборовите „уверение за ОЕО од член 10-а став (1) точки а) или в) на оваа уредба“ се заменуваат со зборовите „одобрение од член 6-а став (2) точка а) од Царинскиот закон“.

Член 7

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-6803/1 Заменик на претседателот
24 септември 2019 година на Владата на Република
Скопје Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

---

**3161.**

Врз основа на член 36 став (2) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10,10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 24 септември 2019 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕТО НА НЕПОВОЛНИОТ КЛИМАТСКИ НАСТАН, НАСТАНАТАТА ШТЕТА, ПРЕСМЕТУВАЊЕТО НА ЗАГУБАТА НА ПРИХОДОТ, ПРЕСМЕТКАТА НА ШТЕТАТА, ПОСТАПКАТА ЗА ИСПЛАТАТА НА ПОМОШТА

Член 1

Со оваа уредба престанува да важи Уредбата за начинот на утврдувањето на неповолниот климатски настан, настанатата штета, пресметувањето на загубата на приходот, пресметката на штетата, постапката за исплатата на помошта („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/13 и 166/17).

Член 2

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-7028/1 Заменик на претседателот
24 септември 2019 година на Владата на Република
Скопје Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

**3162.**

Врз основа на член 13 став (3) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“, бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 24 септември 2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НЕДВИЖНА СТВАР НА ОПШТИНА КРУШЕВО

Член 1

Со оваа одлука на Општина Крушево се пренесува во сопственост недвижна ствар сопственост на Република Северна Македонија, без надоместок, која се наоѓа на место викано Гумење, на КП бр. 4115/1, КО Крушево, запишана во Имотен лист бр.7 и тоа:

- објект број 2, намена на објект А5-4, влез 2, кат ПР, број 1, со внатрешна површина од 47м2.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-6259/1 Заменик на претседателот
24 септември 2019 година на Владата на Република
Скопје Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

---

**3163.**

Врз основа на член 223 од Законот за заштита на децата ( „Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19 и 146/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 24 септември 2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА НАЧИНОТ НА НАПЛАТА НА ИЗНОСОТ ЗА „ДЕТСКА НЕДЕЛА“ ВО ВРЕМЕТО ОД 7 ДО 13.10.2019 ГОДИНА

Член 1

За време на траењето на „Детска недела" се плаќа посебен износ:

1. На секој продаден влезен билет за театар, кино, уметничка изложба и други културни манифестации - 5,00 денари;

2. На секоја поштенска пратка во внатрешниот сообраќај, освен на печатени работи - 2,00 денари;

3. На секој влезен билет на спортски натпревари и други спортски приредби - 5,00 денари;

4. На секој продаден возен билет во железничкиот и автобускиот (меѓународниот) сообраќај - 5,00 денари;

5. На секој продаден возен билет во авионскиот сообраќај - 50,00 денари;

6. На секој продаден облик на електронски музички и видеозапис, видео касета и друго - 5,00 денари.

Од плаќањето на износот од став 1, точка 1 на овој член, се исклучуваат изложбите, приредбите и другите културни манифестации организирани од страна на ученици и студенти во јавни установи.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-6685/1 | Заменик на претседателот |
| 24 септември 2019 година | на Владата на Република |
| Скопје | Северна Македонија, |
| | м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р. |

**3164.**

Врз основа на член 49-а став 3 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и “Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 24 септември 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ СО НАМЕНА А4–ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ КО ДОЛНО СЕДЛАРЦЕ, ОПШТИНА БРВЕНИЦА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4–времено сместување КО Долно Седларце, Општина Брвеница.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена, ги има следните катастарски индикации:

| Катастарска парцела бр. | Катастарска општина | Викано место | Катастарска култура | Кататастарска класа |
|---|---|---|---|---|
| 63-дел | Долно Седларце | Клуково | нива | 4 |
| Вкупна површина на земјиштето во планскиот опфат: | | | | 6623 м$^2$ |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-6880/1 | Заменик на претседателот |
| 24 септември 2019 година | на Владата на Република |
| Скопје | Северна Македонија, |
| | м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р. |

**3165.**

Врз основа на член 11 став 1 точка 4 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 24 септември 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА КРЕДИТНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА ЈП „НАЦИОНАЛНИ ШУМИ“ – П.О. - СКОПЈЕ**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за кредитно задолжување на ЈП „Национални шуми“ - п.о. – Скопје, бр.02-703/5 од 5.9.2019 година, донесена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата, одржана на 5.9.2019 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-7084/1 | Заменик на претседателот |
| 24 септември 2019 година | на Владата на Република |
| Скопје | Северна Македонија, |
| | м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р. |

**3166.**

Врз основа на член 16 став (1) алинеја 8 и став (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19 и 180/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 24 септември 2019 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА БОЛНИ КОИ СЕ ТРЕТИРААТ СО ДИЈАЛИЗА И АКТИВНОСТИ ЗА ПАЦИЕНТИТЕ СО ХЕМОФИЛИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Во Програмата за обезбедување на трошоците за болни кои се третираат со дијализа и активности за пациентите со хемофилија во Република Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/19), во насловот зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

Во делот 1. Болни со хронична бубрежна инсуфициенција и нивно третирање со дијализа, точката 1.3. се менува и гласи „Превенција од вирусен хепатит Б за пациентите на хроничен дијализен третман кои се државјани на Република Северна Македонија“.

Во потточката 1.3.1 зборовите „ЈЗУ ЦЈЗ Скопје’’ се заменуваат со зборовите „ЈЗУ ЦЈЗ Битола“.

Во делот 3. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА во Табелата бр. 1 во редот 1.3 зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

Во делот 5. НАЧИН НА ФАКТУРИРАЊЕ НА УСЛУГИТЕ зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-6805/1
24 септември 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска**, с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

**3167.**

Врз основа на член 10 став (3) од Законот за бесплатна правна помош (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), министерот за правда донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА ОВЛАСТЕНИ ЗА ДАВАЊЕ ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ И ВО РЕГИСТАРОТ НА ПРАВНИ ФАКУЛТЕТИ ОВЛАСТЕНИ ЗА ДАВАЊЕ ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за упис во Регистарот на здруженија овластени за давање примарна правна помош и во Регистарот на правни факултети овластени за давање примарна правна помош.

Член 2

Барањето за упис во Регистарот на здруженија овластени за давање примарна правна помош се поднесува на Образец „Барање за упис во Регистарот на здруженија овластени за давање примарна правна помош“, со формат А4 на бела хартија, кој е даден во прилог бр. 1 и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Барањето за упис во Регистарот на правни факултети овластени за давање примарна правна помош се поднесува на Образец „Барање за упис во Регистарот на правни факултети овластени за давање примарна правна помош“, со формат А4 на бела хартија кој е даден во прилог бр. 2 и е составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-4042/1
26 септември 2019 година
Скопје

Министер за правда,
д - р **Рената Дескоска**, с.р.

***Прилог бр. 1***

**Б А РА Њ Е**

**ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА ОВЛАСТЕНИ ЗА ДАВАЊЕ ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ**

## I. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ЗДРУЖЕНИЕТО ПОДНОСИТЕЛ НА БАРАЊЕТО ЗА УПИС

| | |
|---|---|
| 1.1. Полн и скратен назив (доколку го има) | |
| 1.2. Контакт информации: | |
| • Адреса | |
| • Контакт телефон | |
| • Електронска пошта | |
| • ЕМБС | |
| • Број на трансакциска сметка | |
| • Депонент банка | |
| 1.3. Податоци за застапникот | |
| • Име и презиме | |
| • ЕМБГ | |
| • Контакт телефон | |
| • Електонска пошта | |

## II. ПОДАТОЦИ ЗА УПИС НА ЗДРУЖЕНИЕТО ВО РЕГИСТАРОТ НА ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА ВО ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РСМ

| | |
|---|---|
| 2.1. Број на решение | |
| 2.2. Датум на Решение | |
| 2.3. Регистар на други правни лица во кој е запишан подносителот на барањето (*да се обележи соодветното поле*) | ☐ регистар на здруженија и регистар на сојузи<br>☐ регистар на фондации<br>☐ регистар на организациони облици на странските организации |
| 2.4. Забелешка | |

## III. ПОДАТОЦИ ЗА ЛИЦЕТО КОЈ ЌЕ ЈА ДАВА ПРИМАРНАТА ПРАВНА ПОМОШ ВО ЗДРУЖЕНИЕТО

| | |
|---|---|
| 3.1. Име и презиме | |
| 3.2. Контакт телефон | |
| 3.3. Електронска пошта | |
| 3.4. Број и датум на сертификат за положен правосуден испит | |
| 3.5. Правен основ за ангажманот во | |

| | |
|---|---|
| здруженито, број и датум | |

**VI. Цел на основање и дејствување на здружението согласно статутот**

| |
|---|
| *(се наведува описно, со посочување на датум на статут)* |

**V. Договор за осигурување на одговорност за можна штета при давање примарна правна помош**

| | |
|---|---|
| 5.1. Број на полиса | |
| 5.2. Осигурувач | |
| 5.3. Сума на осигурување | |
| 5.4. Период на осигурување | |

**VI. ПОДАТОЦИ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРАВНА ПОМОШ ИЛИ ПРАВНО СОВЕТУВАЊЕ**

| | |
|---|---|
| 6.1. Наслов на проектот | |
| • Донатор | |
| • Период на реализација | |
| • Цели на проектот | |
| • Резултати на проектот | |
| • Контакт лице од донаторот | |
| 6.2. Наслов на проектот | |
| • Донатор | |
| • Период на реализација | |
| • Цели на проектот | |
| • Резултати на проектот | |
| • Контакт лице од донаторот | |
| 6.3. Наслов на проектот | |
| • Донатор | |
| • Период на реализација | |
| • Цели на проектот | |
| • Резултати на проектот | |
| • Контакт лице од донаторот | |

**VII. Прилози**

 Решение за упис во Централен регистар
 Фотокопија од Статут
 Правен основ за ангажманот на правникот во здруженито
 Фотокопија од Сертификат/Потврда за положен правосуден испит
 Фотокопија од лична карта на ангажираниот правник
 Фотокопија од Полиса за осигурување
 Фотокопија од поднесени годишни даночни пријави за трите години пред годината на поднесување барање за упис во регистарот

**VIII. Потврда**

Потврдувам дека податоците во барањето се точни и целосни и дека ќе го известам Министерството за правда навремено за промените во податоците наведени во ова барање. Воедно се согласувам Министерството за правда да ги обработи моите лични податоци за целите на давање на примарна правна помош во согласност со Законот за бесплатна правна помош.

Датум ______________ Место ___________________ МП ___________________

(потпис)

***Прилог бр. 2***

**Б А РА Њ Е**

**ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ НА ПРАВНИ ФАКУЛТЕТИ ОВЛАСТЕНИ ЗА ДАВАЊЕ ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ**

**I. ПОДАТОЦИ ЗА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ**

| | |
|---|---|
| 1.1. Назив на правниот факултет | |
| 1.2. Адреса | |
| 1.3. Телефон | |
| 1.4. Факс | |
| 1.5. Електронска пошта | |
| 1.6. Име и презиме на Ректор / декан | |

**II. ПОДАТОЦИ ЗА ПРАВНАТА КЛИНИКА**

| | |
|---|---|
| 3.1. Назив на правната клиника | |
| 3.2. Акт со која е формирана правната клиника како организацина единица | |
| 3.3. Број на актот | |
| 3.4. Датум на актот | |
| 3.5. Забелешка | |
| 3.6. Одговорно лице (ментор - раководител на правната клиника) | |
| 3.7. Контакт податоци на менторот – раководителот на правната клиника (телефон и емаил адреса) | |
| 3.8. Забелешка: | |

**III. Прилози**

 Фотокопија од актот со која е формирана правната клиника како организациона единица

 Фотокопија од лична карта на ментор- раководител

**IV. Потврда**

Потврдувам дека податоците во барањето се точни и целосни и дека ќе го известам Министерството за правда навремено за промените во податоците наведени во ова барање. Воедно се согласувам Министерството за правда да ги обработи моите лични податоци за целите на давање на примарна правна помош во согласност со Законот за бесплатна правна помош.

Датум ______________ Место ___________________ МП ___________________

(потпис)

**3168.**

Врз основа на член 8 став (9) од Законот за бесплатна правна помош (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), министерот за правда донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА СОДРЖИНАТА, ФОРМАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ПОДАТОЦИТЕ ШТО СЕ ОДНЕСУВААТ НА ДАДЕНАТА ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ И СОДРЖИНАТА НА ИЗВЕШТАИТЕ КОИ ГИ ДОСТАВУВААТ ЗДРУЖЕНИЈАТА И ПРАВНИТЕ КЛИНИКИ ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА**

Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината, формата и начинот на водење на евиденција за податоците што се однесуваат на дадената примарна правна помош од давателите на примарната правна помош (во натамошниот текст: евиденцијата), како и содржината на извештаите кои ги доставуваат здруженијата и правните клиники до Министерството за правда.

Член 2

Евиденцијата се води на образец  кој е даден во Прилог број 1 и  е составен дел на овој правилник.

Член 3

Водењето на евиденцијата се врши ажурно, уредно, систематизирано во печатена и електронска форма.

Член 4

(1) Здружението за дадената примарна правна помош доставува месечни извештаи најдоцна до 15-ти во месецот за претходниот месец до Министерство за правда во електронска форма.

(2) Правната клиника за дадената примарна правна помош  доставува извештај на секои шест месеци, односно за периодот од 1ви јануари до 30ти јуни најдоцна до 31ви јули во тековната година и за периодот од 1ви јули до 31ви декември најдоцна до 31ви јануари следната година, до Министерство за правда.

Член 5

Содржината на извештаите  од член 4 од овој правилник е дадена во Прилог број 2, кој е составен дел на овој правилник.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-4043/1
26 септември 2019 година
Скопје

Министер за правда,
д - р **Рената Дескоска**, с.р.

*Прилог бр. 1*

**Евиденција за податоците што се однесуваат на дадената примарна правна помош**

| 1. Ред.бр. | 2. Датум на прием | 3. Општи податоци за лицето кое добило примарна правна помош | | | | | | 4. Област на правното прашање | | | | | | | | | | 5. Форма на обезбедена примарна правна помош (со обележување на една или повеќе форми) | | | | | | 6. Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Име и презиме | Пол | Населено место и општина | Возраст | Етничка припадност | Контакт | Имотно правно | Соц. зашт. и осигурување | Заштита на деца и правда | ПИО | Здравс.осигурув.и зашт. | Работни односи | Родово базирано и семејно | Статусни прашања | Заштита на чов.права | Други | ИПС за БПП | ОПИ | ОПС | Комплетирање БППП | Состав формулари и обрасци | Состав претставки и барања | |
| 1 | | | | | | | | X | √ | √ | X | X | X | √ | X | X | X | √ | √ | √ | √ | X | X | |
| 2 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**Прилог бр. 2**

| **МЕСЕЧЕН / ШЕСТМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ДАДЕНА ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ (да се заокружи)** | |
|---|---|
| **1. Општи податоци за давателот на примарната правна помош** | |
| Целосен назив на здружението или правната клиника | |
| Правник кој ја дава примарната правна помош и кој го составил извештајот | |
| Контакт телефон | |
| Електронска пошта | |
| Период за кој се известува | |
| Начин и датум на поднесување | |

**2. Податоци за лицата кои добиле примарна правна помош во периодот за кој се известува**

| Вкупен број на лица | населено место и регион на живеење | пол | | возраст | | | | етничка припадност | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | м | ж | -18 | 18-25 | 25-50 | +50 | мак | алб | ром | тур | срби | др. |
| | | | | | | | | | | | | | |

| | |
|---|---|
| - Број на лица кои добиле иницијален правен совет за правото на користење на бесплатна правна помош | |
| - Број на лица кои добиле општа правна информација | |
| - Број на лица кои добиле општ правен совет; | |
| - Број на лица кои добиле помош при комплетирање на барањето за секундарна правна помош; | |
| - Број на лица кои добиле помош при пополнување на формулари и обрасци | |
| - Број на лица кои добиле помош при состава на претставки и барања за заштита на слободи и права | |

| | Имотно правно | Соц. зашт. и | Заштита на деца и | ПИО | Здравс.о сигурув.и | Работни односи | Родово базирано | Статусни прашања | Заштита на | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **3.** Вид на **правни прашања за кое е комплетирано и поднесено барање** за | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| секундарна правна помош | | | | | | | | | | |
| 4. Вид на **правни прашања за кои е дадена општа правна информација** | | | | | | | | | | |
| 5. Вид на **правни прашања за кои е даден општ правен совет** | | | | | | | | | | |
| 6. Вид на **правни области за кои е дадена правна помош при состав на формулари и обрасци** | | | | | | | | | | |
| 7. Број на прилози при извештајот и соодветно цитирање | | | | | | | | | | |
| 8. **Опис на планирани активности и давање на дополнителна правна помош** за лицата за кои се известува во тековниот месец, а кои ќе се преземат во наредниот месец. Оваа рубрика се пополнува по потреба. | | | | | | | | | | |
| 9. **Одржани заеднички настани со подрачните одделенија на Министерство за правда за правно зајакнување и едукација на локалното население** во организација на здружението и/или правната клиника, која се пополнува по потреба и која треба да содржи информации за датумот на одржување на настанот, бројот на учесници, времетраење на настанот, теми за едукација и правно зајакнување на локалното население и заклучоци од настанот. | | | | | | | | | | |

Датум

Потпис на претставник

Печат

**3169.**

Врз основа на член 10 став (13) од Законот за бесплатна правна помош (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), министерот за правда донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА ОВЛАСТЕНИ ЗА ДАВАЊЕ ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ И РЕГИСТАРОТ НА ПРАВНИ ФАКУЛТЕТИ ОВЛАСТЕНИ ЗА ДАВАЊЕ ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на здруженија овластени за давање примарна правна помош и Регистарот на правни факултети овластени за давање примарна правна помош.

Член 2

Регистрите од член 1 од овој правилник се водат во писмена и електронска форма од страна на Министерството за правда.

Член 3

Образецот на Регистарот на здруженија овластени за давање примарна правна помош е даден во Прилог бр. 1 и е составен дел на овој правилник.

Образецот на Регистарот на правни факултети овластени за давање примарна правна помош е даден во Прилог бр. 2 и е составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-4044/1
26 септември 2019 година
Скопје

Министер за правда,
д - р **Рената Дескоска**, с.р.

**Прилог 1: Регистар на здруженија овластени за давање примарна правна помош**

| Полн и скратен назив на здружението | Адреса на канцеларија | Контакт телефон и е-маил адреса | Име и презиме на правникот кој ја дава примарната правна помош | Контакт телефон и е-маил адреса на правникот | Број и датум на решение за упис во Регистарот | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

**Прилог 2: Регистар на правни факултети овластени за давање примарна правна помош**

| Назиф на факултетот | Адреса на факултетот | Име и презиме на декан | Назив на правната клиника | Име и презиме на лицето под чие менторство работи правната клиника | Контакт телефон и е-маил адреса на правната клиника | Број и датум на решение за упис во Регистарот | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

**3170.**

Врз основа на член 10 став (14) од Законот за бесплатна правна помош (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), министерот за правда донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА МИНИМАЛНИТЕ ПРОСТОРНИ И ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ЗДРУЖЕНИЈАТА ЗАРАДИ ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА ОВЛАСТЕНИ ЗА ДАВАЊЕ ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ**

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат минималните просторни и технички услови како гаранција за непречено обезбедување на примарната правна помош кои треба да ги исполнуваат здруженијата заинтересирани за запишување во Регистарот на здруженија овластени за давање на примарна правна помош.

Член 2

(1) Здружението ја обезбедува примарната правна помош во своите службени простории.

(2) Службените простории од став (1) на овој член треба да бидат сместени во индивидуална станбена зграда, во колективна станбена зграда или во деловна зграда и да се состојат од најмалку две работни простории и тоалет кои претставуваат една градежна целина. Вкупната површина на просториите не може да биде помала од 30 м2.

Член 3

(1) Просториите на здружението треба да бидат лесно достапни за граѓаните и да бидат обележани со соодветни знаци.

(2) Просториите треба да бидат пристапни за лица со визуелна и физичка попреченост.

(3) Просторијата каде се дава примарната правна помош треба да биде одвоена од другите и да нуди соодветен степен на доверливост при сослушување на заинтересираното лице.

Член 4

Просторијата на здружението треба да ги исполнува следниве технички услови:

- да биде опремена со стол наменет за прием на странки, работна маса, телефон и вообичаени канцелариски материјали и

- да има компјутер со пристап на интернет и пристап до електронска дата база со законски текстови и прописи.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-4045/1
26 септември 2019 година
Скопје

Министер за правда,
д - р **Рената Дескоска**, с.р.

---

**3171.**

Врз основа на член 12 став (4) од Законот за бесплатна правна помош (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), министерот за правда донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА ТРОШКОВНИКОТ ЗА ОБЕМОТ НА ИЗВРШЕНАТА РАБОТА ОД ЗДРУЖЕНИЈАТА И ПРАВНИТЕ КЛИНИКИ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува образецот на трошковникот за обемот на извршената работа од здруженијата и правните клиники.

Член 2

Трошковникот за обемот на извршената работа од здруженијата и правните клиники се поднесува на Образец на трошковник за обемот на извршената работа од здруженијата и правните клиники, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за содржината на образецот на трошковникот за обемот на извршената работа од овластени здруженија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 65/10).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-4046/1
26 септември 2019 година
Скопје

Министер за правда,
д - р **Рената Дескоска**, с.р.

**Прилог**

**ТРОШКОВНИК ЗА ОБЕМОТ НА ИЗВРШЕНАТА РАБОТА ОД ЗДРУЖЕНИЈАТА И ПРАВНИТЕ КЛИНИКИ**

<table>
<tr><td>Назив и седиште на здружението/правната клиника</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>Број и датум на решение со кое здружението/правната клиника е запишано во соодветниот регистар на даватели на примарна правна помош</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>Име и презиме на лицето кое работело на правната работа</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>Име, презиме и адреса на лицето на кое му е обезбедена примарна правна помош</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>Датум на прием на лицето и датум на завршување на правната работа</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>Број и датум на одлуката со која е одобрено барањето за секундарна правна помош</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td rowspan="3">Доколку не е одобрено барање за секундарна правна помош означете на која категорија лица припаѓа лицето кое користело примарна правна помош</td><td></td><td>Корисници на права на парична помош од социјална заштита</td></tr>
<tr><td></td><td>Приматели на инвалидска пензија</td></tr>
<tr><td></td><td>Жртви на семејно и родово базирано насилство</td></tr>
<tr><td colspan="3">Краток опис на извршената правна работа</td></tr>
<tr><td colspan="3"></td></tr>
</table>

<table>
<tr><td colspan="3">Вид на дадената примарна правна помош<br>Означете го видот на примарната правна помош обезбеден и износот на надоместокот согласно Тарифата за надоместок на трошоците за работа на здруженијата и правните клиники за давање на примарна правна помош</td></tr>
<tr><td></td><td>Иницијален правен совет за правото на користење на бесплатна правна помош</td><td></td></tr>
<tr><td></td><td>Општа правна информација</td><td></td></tr>
<tr><td></td><td>Општ правен совет</td><td></td></tr>
<tr><td></td><td>Помош при комплетирање на барање за секундарна правна помош</td><td></td></tr>
<tr><td></td><td>Помош при пополнување на формулари, обрасци издадени од управен орган во управна постапка за социјална заштита и заштита на правата на децата; пензиско, инвалидско и здравствено осигурување; заштита на жртви на родово базирано насилство и семејно насилство; постапка за упис во матична книга на родени; стекнување со документи за лична идентификација и државјанство,</td><td></td></tr>
<tr><td></td><td>Составување на претставки до Комисијата за заштита од дискриминација и до Народниот правобранител на Република Северна</td><td></td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | Македонија и барања за заштита на слободи и права до Уставниот суд на Република Северна Македонија. | |
| Вкупен надомест | | |

Датум и место М.П Овластено лице за застапување

____________________________ ____________________________

**3172.**

Врз основа на член 16 став (4) од Законот за бесплатна правна помош (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19), министерот за правда донесе

**П Р А В И Л Н И К**

**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за секундарна правна помош.

Член 2

Барањето за секундарна бесплатна правна помош се поднесува во печатена форма на Образец „Барање за секундарна правна помош“, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за содржината на образецот на барањето за бесплатна правна помош („Службен весник на Република Македонија“ бр. 65/10).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-4048/1
26 септември 2019 година
Скопје

Министер за правда,
д - р **Рената Дескоска**, с.р.

**ПРИЛОГ**

## БАРАЊЕ ЗА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ

Насоки за пополнување на барањето

1. *Сите барани податоци во барањето мора да бидат наведени за барателот на секундарната правна помош и за членовите на неговото семејство. Барањето потребно е да биде пополнето електронски или на рака читко со печатни букви.*
2. *Барањето за секундарна правна помош може да се поднесе лично, преку пошта, преку овластено здружение или преку овластена правна клиника за обезбедување на примарна правна помош.*

### А. ВИД НА ПОСТАПКА ВО КОЈА ЌЕ СЕ РЕШАВА ПО БАРАЊЕТО ЗА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ

*(Во табелата со штиклирање ( √) одберете од дадените опции.)*

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Редовна, со утврдување на финансика состојба на барателот/ката | |
| 2. | Итна, со утврдување на финансиска состојба на барателот/ката во рок 15 дена по донесување на потврдата за одобрување на барањето секундарна правна помош | |
| 3. | Без утврдување материјална и финансиска состојба | |

Под материјална и кривична одговорност ги давам следните податоци:

### Б. ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО

| ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ | |
|---|---|
| Име и презиме | |
| Средно име | |
| Датум на раѓање | |
| Место на раѓање | |
| Ембг | |
| Поштенски број | |
| Општина | |
| Држава | |
| Државјанство | |
| Број на дозвола за привремен престој/ број на решение за одобрување на азил | |
| Вид на документ за идентификација (лична карта или патна исправа) | |
| Број на документ за идентификација | |
| Место и орган кој го издал | |
| **ЖИВЕАЛИШТЕ/ПРЕСТОЈУВАЛИШТЕ** | |
| Место на живеење /престојување | |
| Адреса на живеење/ престојување | |
| Поштенски број | |
| Општина | |
| Држава | |
| Контакт телефон | |

**Б.1 ПОДАТОЦИ ЗА ЗАКОНСКИОТ ЗАСТАПНИК ИЛИ СТАРАТЕЛ**

*Се пополнува во случај кога секундарна правна помош е потребна на малолетно лице или лице на кое му е одземена деловната способност.*

| ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ | |
|---|---|
| Име и презиме | |
| Средно име | |
| Датум на раѓање | |
| Место на раѓање | |
| Ембг | |
| Поштенски број | |
| Општина | |
| Држава | |
| Државјанство | |
| Број на дозвола за привремен престој/ број на решение за одобрување на азил | |
| Вид на документ за идентификација (лична карта или патна исправа) | |
| Број на документ за идентификација | |
| Место и орган кој го издал | |
| **ПОДАТОЦИ ЗА АКТОТ СО КОЈ Е ПОСТАВЕН ЗА ЗАКОНСКИ ЗАСТАПНИК/СТАРАТЕЛ** | |
| Број на актот | |
| Орган кој го донел актот | |
| **ЖИВЕАЛИШТЕ/ПРЕСТОЈУВАЛИШТЕ** | |
| Место на живеење /престојување | |
| Адреса на живеење/ престојување | |
| Поштенски број | |
| Општина | |
| Држава | |
| Контакт телефон | |

**В. ПРАВЕН ПРОБЛЕМ ЗА КОЈ СЕ БАРА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ**

*(Да се опише правниот проблем, фактичката состојба и досегашниот тек на постапката)*

| |
|---|
| |

**В.1 КОПИИ ОД ДОКУМЕНТИ КОИ МИНИСТЕРСТВОТО НЕ МОЖЕ ДА ГИ ПРИБАВИ ПО СЛУЖБЕНА ДОЛЖНОСТ, А КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ПРАВНОТО ПРАШАЊЕ СОГЛАСНО СО ЗАКОН**

| |
|---|
| |

**Г. ОБЛИК НА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ**

*(Во табелата со штиклирање ( √) одберете од дадените опции.)*

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Застапување во сите степени на граѓански судски постапки | |
| 2. | Застапување во сите степени во управни постапки | |
| 3. | Застапување во сите степени во управни спорови | |
| 4. | Застапување во постапка за расправање на оставина пред нотар | |
| 5. | Составување на поднесоци на должник пред надлежен извршител | |
| 6. | Правна помош за жртва на кривични дела | |

**Д. ОДОБРУВАЊЕ НА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ БЕЗ УТВРДУВАЊЕ НА ИМОТНА СОСТОЈБА**

*(Во табелата со штиклирање ( √) одберете од дадените опции. Се пополнува само во постапка за одобрување секундарна правна помош без утврдување на материјална и финансиска состојба)*

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Лице сместено во згрижувачко семејство, станбена единица за организирано живеење со поддршка или во установа за социјална заштита, со решение на Центар за социјална работа | |
| 2. | Лице кое има потреба од покренување и застапување во постапка за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство пред надлежен суд | |
| 3. | Лице кое поради елементарна непогода, виша сила или други околности кои се надвор од негова контрола се најде во финансиска состојба што го спречува самостојно да обезбеди заштита на своите права. | |

**Ѓ. ОДОБРУВАЊЕ НА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ ВО ИТНА ПОСТАПКА**

*(Во табелата со штиклирање ( √) одберете од дадените опции. Се пополнува само во постапка за одобрување секундарна правна помош во итна постапка.)*

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Итна потреба за обезбедување на секундарна правна помош или | |
| 2. | Краток рок определен од страна на суд, друг надлежен орган или со закон | |

**Е. ПОДАТОЦИ ЗА ЧЛЕНОВИТЕ НА СЕМЕЈСТВОТО**

*(**Членови на семејството се** брачен другар, вонбрачен другар, децата, родителите, браќата и сестрите и други роднини, кои живеат во заедничко домаќинство со барателот на секундарна правна помош и заеднички ги сносат трошоците за живот)*

| | Име и презиме | Датум на раѓање | ЕМБГ | Сродство со подносителот на барањето |
|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | |
| 2. | | | | |
| 3. | | | | |
| 4. | | | | |
| 5. | | | | |
| 6. | | | | |

### Ж. Имотна состојба на подносителот на барањето и членовите на неговото семејство

| | Име и презиме на сопственикот на имотот | Адреса и број на катастарска парцела | Корисна површина во м2 | Намена на имотот | Вид на катастарска култура |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | | |
| 2. | | | | | |
| 3. | | | | | |
| 4. | | | | | |
| 5. | | | | | |
| 6. | | | | | |
| 7. | | | | | |

### З. Податоци за приходи на барателот и членовите на неговото семејство

| | Име и презиме | Датум на раѓање | Работен статус/вид на приход | Просечен месечен нето приход и примања за изминатите 6 месеци (12 месеци во случај на нередовен приход). |
|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | |
| 2. | | | | |
| 3. | | | | |
| 4. | | | | |
| 5. | | | | |
| 6. | | | | |
| Вкупен месечен приход | | | | |

### Ѕ. Податоци за моторните возилата во сопственост на подносителот на барањето и членовите на неговото семејство

| | Име и презиме на сопственикот на моторното возило | Вид и марка на возило | Година на производство | Број на регистарска ознака | Работна зафатнина на моторот | Дали се користи за превоз на инвалидно лице-член на домаќинството |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | | | |
| 2. | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. | | | | | | |
| 4. | | | | | | |
| 5. | | | | | | |
| 6. | | | | | | |

**И. КРАТКО МИСЛЕЊЕ НА ОВЛАСТЕНОТО ЗДРУЖЕНИЕ ИЛИ ПРАВНА КЛИНИКА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ ЗА ОСНОВАНОСТА НА БАРАЊЕТО**

*(Ова поле се пополнува доколку барателот претходно побарал и добил примарна правна помош од овластено здружение или правна клиника)*

**Ј. КОПИИ ОД ДОКУМЕНТИТЕ ШТО ГИ ПОТВРДУВААТ ПОДАТОЦИТЕ НАВЕДЕНИ ВО БАРАЊЕТО ЗА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ, А КОИ БАРАТЕЛОТ ГИ ПОСЕДУВА**

*(Да се наведат документите кои барателот ги поседува, а заради утврдување на статус по кој му се одобрува БПП без утврдување на финансиска состојба. Се пополнува само во постапка за одобрување секундарна правна помош без утврдување на материјална и финансиска состојба)*

**К. ПИСМЕНА ИЗЈАВА ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА НА БАРАТЕЛОТ И ЧЛЕНОВИТЕ НА СЕМЕЈСТВОТО СО КОИ ЖИВЕЕ ВО ЗАЕДНИЧКО ДОМАЌИНСТВО И ЗАЕДНИЧКИ ГИ СНОСАТ ТРОШОЦИТЕ ЗА ЖИВОТ**

Врз основа на член 17 став 2 од Законот за бесплатна правна помош, под кривична, морална и материјална одговорност изјавувам дека сите долу наведени податоци за мене и моето ____ члено (да се наведе број на членовите на семејството со кои барателот живее во заедничко домаќинство) домаќинство во целост се точни.

Изјавувам дека сум согласен Министерството за правда да изврши увид во сите податоци за мојата/нашата имотна и финансиска состојба.
Изјавувам дека сум согласен да бидат откриени моите податоци за депозити во сите банки и штедилници во Република Северна Македонија.
Изјавата ја давам да користи единствено во постапка за остварување на право на секундарна правна помош согласно Законот за бесплатна правна помош.

_______________________ _____________________________

Датум и место Име, презиме и потпис на подносителот

---

**Л. Изјава за согласност за користење на личните податоци**

Јас горепотпишаниот, со оваа изјава давам согласност Министерството за правда да ги користи, односно врши обработка на моите лични податоци, како и да ги чува во збирката на лични податоци, за целите на обезбедување секундарна правна помош најдоцна до три години по завршувањето на тековната година во која е постапено по моето барање, а потоа да бидат уништени согласно Законот за заштита на личните податоци. Го задржувам правото во секое време повлекувањето на согласноста да го дадам писмено или во било која друга форма. Оваа изјава ја давам доброволно.

Потпис: ---------------------------

**3173.**

Врз основа на член 29 став (2) од Законот за бесплатна правна помош(*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), министерот за правда донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА АДВОКАТИ ЗА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на барањето за запишување во регистарот на адвокати за секундарна правна помош (во натамошниот текст: Регистар на адвокати).

Член 2

Барањето за запишување во регистарот на адвокати се поднесува на образец со формат А4 на бела хартија кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за запишување во регистарот на адвокати за правна помош („Службен весник на Република Македонија“ бр. 65/10).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 01-4049/1
26 септември 2019 година
Скопје

Министер за правда,
д - р **Рената Дескоска**, с.р.

Прилог

**Б А РА Њ Е**

**ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА АДВОКАТИ**

**ЗА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ**

1. **Лични податоци**

1.1. Име и презиме ______________________________

1.2 Адреса на живеење ______________________________

1.3. Контакт информации ______________________________

(телефонски број, е-пошта)

**2. Потребни информации**

2.1. Седиште на канцеларијата

______________________________

(адреса, телефонски број, е-пошта)

______________________________

2.2. Адреса за прием на писмена

______________________________

2.3. Број и датум на решение за упис во Именикот на адвокати на Адвокатска комора на Република Северна Македонија, како и број и датум на лиценца за работа.

______________________________

______________________________

2.4. Правна материја/област во која може да се даде правна помош

☐ граѓанска материја/област/подобласт:

______________________________

______________________________

______________________________

☐ управна материја/област:

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

2.5. Јазици на кои може да се даде правна помош

______________________________________________________________________

**3. Трансакциска сметка на која треба да се префрли надоместот за дадената секундарна правна помош**

3.1. Банка ______________________________________

| 3.2. ЕДБС | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

| 3.3. Трансакциска сметка | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

**4. Дополнителни информации (кои сметате дека се потребни)**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

**5. Изјава**

Потврдувам дека податоците во барањето се точни и целосни и дека ќе го известам Министерството за правда навремено за промените во податоците наведени во ова барање. Воедно се согласувам и давам одобрение на Министерството за правда да ги обработи и користи моите лични податоци согласно законските прописи на Република Северна Македонија, а за целите на обезбедувањето на правна помош во согласност со Законот за бесплатна правна помош(*).

Датум ______________ Место ____________________ МП ____________________

(потпис)

**3174.**

Врз основа на член 29 став (9) од Законот за бесплатна правна помош (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), министерот за правда донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА АДВОКАТИ ЗА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на регистарот на адвокати за секундарна правна помош (во натамошниот текст: регистар).

Член 2

Регистерот се води во електронска форма.

Член 3

Регистерот ги содржи следните податоци:

- податоци за адвокатот (име и презиме на адвокатот, адреса на живеење, фиксен телефонски број, мобилен телефон, е-пошта);
- седиште на канцеларијата, адреса за примање на писмена (фиксен телефонски број во канцеларијата, е-пошта);
- број и датум на решение за упис во Именикот на адвокати на Адвокатска комора на Република Северна Македонија, како и број и датум на лиценца за работа;
- број и датум на решение за запишување на адвокатот во регистарот;
- број и датум на решение за бришење на адвокатот од р егистарот и
- забелешка (во која се наведува правната област/подобласт за која адвокатот е заинтересиран за давање на секундарна правна помош).

Член 4

Податоците во регистарот се ажурираат тековно преку пријавување на промени од страна на адвокатот.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-4050/1
26 септември 2019 година
Скопје

Министер за правда,
д-р **Рената Дескоска**, с.р.

---

**3175.**

Врз основа на член 33 став (3) од Законот за бесплатна правна помош (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), министерот за правда донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА ТРОШКОВНИКОТ ЗА ДАДЕНАТА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ ОД АДВОКАТ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува образецот на трошковникот за дадената секундарна правна помош од адвокат.

Член 2

Трошковникот за дадената правна помош од адвокат се поднесува на Образец, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за содржината на образецот на трошковникот за обемот на извршената работа од адвокат („Службен весник на Република Македонија“ бр. 65/10).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-4051/1
26 септември 2019 година
Скопје

Министер за правда,
д-р **Рената Дескоска**, с.р.

Прилог

ТРОШКОВНИК
ЗА ДАДЕНА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ ОД АДВОКАТ

| | | |
|---|---|---|
| Име и презиме на адвокатот (седиште, општина), моб, Електронска пошта | | |
| Број и датум на решение со кое е запишан во регистарот на адвокати за давање на правна помош | | |
| Број и датум на потврда/решение со кое е назначен | | |
| Име и презиме на корисникот на секундарна правна помош | | |
| Датум на отпочнување и завршување на правната работа | | |
| Ви на дадена правна помош | 1.Застапување во сите степени на граѓански судски постапки<br>2.Застапување во сите степени во управни постапки<br>3.Застапување во сите степени во управни спорови<br>4.Застапување во постапка за расправање на оставина пред нотар.<br>5.Застапување пред извршител<br>6.Правна помош за жртва на кривични дела. | |
| Превземени дејствија | Износ за извршената работа согласно АТ | Износ намален за 30% |
| Состав на образложени поднесоци | | |
| Застапување на одржани рочишта | | |

Датум и место М.П. Адвокат
Прилог: документација

**3176.**

Врз основа на член 39 став (6) од Законот за бесплатна правна помош (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), министерот за правда донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА ДОСТАВЕНИОТ ТРОШКОВНИК ОД СТРАНА НА АДВОКАТОТ ЗА ДАДЕНАТА ПРАВНА ПОМОШ НА ДЕЦА**

Член 1

Со овој правилник се пропишува образецот на доставениот трошковник од страна на адвокатот за дадената правна помош деца.

Член 2

Трошковникот за дадената правна помош на деца од адвокат се поднесува на Образец кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-4052/1
26 септември 2019 година
Скопје

Министер за правда,
д - р **Рената Дескоска**, с.р.

Прилог

ТРОШКОВНИК
ЗА ДАДЕНА ПРАВНА ПОМОШ НА ДЕЦА ОД АДВОКАТ

| | | |
|---|---|---|
| Име и презиме на адвокатот (седиште, општина), број на моб., Електронска пошта | | |
| Број и датум на лиценца за работа | | |
| Број и датум на решение за одобрување на бесплатна правна помош | | |
| Име и презиме и адреса на детето за добивање на правна помош | | |
| Датум и час на отпочнување и завршување на разговорот | | |
| Вид на дадена правна помош | 1. постапка пред центарот за социјални работи<br>2.постапка пред Министерство за внатрешни работи | |
| Превземени дејствија | Износ за извршената работа согласно АТ | Износ намален за 50 % |
| застапување на дете | | |
| Состав на образложени поднесоци | | |

Датум и место М.П. Адвокат

Прилог: документација

**3177.**

Врз основа на член 40 став (5) од Законот за бесплатна правна помош (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), министерот за правда донесе

**П Р А В И Л Н И К**

**ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ ВО ПОСТАПКА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРАВО НА АЗИЛ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува образецот на барањето за бесплатна правна помош во постапка за признавање на право на азил.

Член 2

Барањето за бесплатна правна помош во постапка за признавање на право на азил се поднесува писмено, на образец, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-4053/1
26 септември 2019 година
Скопје

Министер за правда,
д - р **Рената Дескоска**, с.р.

Прилог

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**

# БАРАЊЕ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ ВО ПОСТАПКА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРАВО НА АЗИЛ

***APPLICATION FOR LEGAL AID IN PROCEDURE FOR GRANTING RIGHT TO AN ASSYLUM***

## 1. Податоци за подносителот/ката на барањето (Information about the applicant)

| **ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ (Personal data)** | |
|---|---|
| Име/Name | |
| Презиме/Surname | |
| Пол/Sex | |
| Датум на раѓање/Date of birth | |
| Место и држава на раѓање/Place and country of birth | |
| Државјанство/Nationality | |
| Мајчин и други јазици кои ги зборува/Mother tongue and other spoken languages | |
| Брачна состојба/Marital status | |
| Име и презиме за брачниот другар/Name and surname of the spouse | |
| Документ за идентификација (Вид, датум и место на издавање)/ID document (Type, date and place of issue) | |
| Број и датум на потврдата за прием на барањето за признавање право на азил (Number and date of the certificate for receipt of the application for granting right to asylum) | |
| **ПРЕСТОЈУВАЛИШТЕ/Place of residence** | |
| Сегашна адреса на престојување во Република Северна Македонија/Current | |

| | |
|---|---|
| address of place of residence in Republic of North Macedonia | |
| Населено место и општина/Place of residence and municipality | |

**2. Податоци за членовите на семејството кои го придружуваат барателот на право на аизл во Република Северна Македонија/Information about the family members accompanying the asylum seeker**

| Име и презиме/ Name and surname | Државјанство/ Nationality | Сродство со барателот/ката/ Relationship with the applicant | Број на идентификациона исправа(доколку поседува)/Number of ID document (If present) |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

**3. Податоци за законскиот застапник/Information about the legal guardian**

| **ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ/Personal data** | |
|---|---|
| Име/Name | |
| Презиме/Surname | |
| Пол/Sex | |
| Датум на раѓање/Date of birth | |
| Етничка припадност/Ethnicity | |
| ЕМБГ/Unique personal identification number | |
| Документ за идентификација/ID | |
| Број на документот за идентификација/Number of the ID document | |
| Државјанство/Nationality | |
| Контакт телефон/Contact phone | |
| **ПРЕСТОЈУВАЛИШТЕ / ЖИВЕАЛИШТЕ/Place of residence** | |
| Адреса/Address | |

| | |
|---|---|
| Населено место/место на престојувалиште/Place of residence | |
| Поштенски број/Postal code | |
| Општина/Municipality | |
| Држава/Country | |
| Забелешка: *(да се наведе доколку барателот/ката има пријавено адреса на живеалиште по лична карта различна од адресата на моменталното престојувалиште)/*Note: Indicate if the applicant have reported address of residence on the ID document diferent from the address of the actual residence) | |
| **ПОДАТОЦИ ЗА АКТОТ СО КОЈ Е ПОСТАВЕН/А ЗА ЗАКОНСКИ ЗАСТАПНИК/Information about the act for appointment of legal guardian** | |
| Број на актот/Number of the act | |
| Орган кој го донел актот/Institution issuing the act | |
| Забелешка/Act: | |

**4. Примарна правна помош/Primary legal aid**

**Дали за состав и комплетирање на барањето за секундарна правна помош е добиена примарна правна помош?/Is primary legal aid provided for composition and completing of the application for secondary legal aid?**

☐ **да, преку/ yes through** ________________________________________________

*(се наведува давателот на примарната правна помош)/(Indication of the primary legal aid provider)*

☐ **не/no** *(во случај кога подносителот го пополнува барањето сам)/(in the case where the applicant fills the application by himself*

**5. Information for the asylum granting procedure**

| | |
|---|---|
| Датум на прием на барањето за азил / Date of receipt of the application | |
| Статус на постапката по поднесеното барање / | |

| | |
|---|---|
| Status of proceedings | |
| Вид на постапката (редовна/итна) / Type of procedure (regular/urgent) | |
| Рок за донесување на одлука во постапката за признавање право на азил / Deadline for issuing decision in the asylum procedure | |
| Закажано интервју за азил/Scheduled asylum interview | |
| Други околности/Other circumstances | |

Датум/Date: Барател/Applicant

__________________________________

(цело име и презиме и скратен потпис)

(name, surname and signature)

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Изјава за согласност за користење на личните податоци/Statement for permission of use of personal data**

Јас горепотпишаниот, со оваа изјава давам согласност Министерството за правда да ги користи, односно врши обработка на моите лични податоци, како и да ги чува во збирката на лични податоци, за целите на обезбедување секундарна правна помош најдоцна до три години по завршувањето на тековната година во која е постапено по моето барање, а потоа да бидат уништени согласно Законот за заштита на личните податоци. Го задржувам правото во секое време повлекувањето на согласноста да го дадам писмено или во било која друга форма. Оваа изјава ја давам доброволно.

I, the above signed, with this statement hereby give a permission to the Ministry of justice to use and process of my personal data as well to keep them in the personal data collection for the aims of providing secondary legal aid no later than three year after the end of the year in which my application was processed, and after that to be destroyed in accordance with the Law on Personal Data Protection. I maintain the right in any time to revoke this permission in written or any other form. I give this statement at free will.

Потпис/Signature: ---------------------------

**3178.**

Врз основа на член 40 став (13) од Законот за бесплатна правна помош (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), министерот за правда донесе

**П Р А В И Л Н И К**

**ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА ТРОШКОВНИКОТ ЗА ДАДЕНАТА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ ОД СТРАНА НА АДВОКАТ ВО ПОСТАПКА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРАВО НА АЗИЛ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува образецот на трошковникот за дадената секундарна правна помош од страна на адвокат во постапка за признавање на право на азил.

Член 2

Трошковникот за дадената правна помош од адвокат се поднесува на Образец кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-4054/1
26 септември 2019 година
Скопје

Министер за правда,
д - р **Рената Дескоска**, с.р.

Прилог

ТРОШКОВНИК
ЗА ДАДЕНА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ ВО ПОСТАПКА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРАВО НА АЗИЛ

| | | |
|---|---|---|
| Име и презиме на адвокатот (седиште, општина), број на моб, меил | | |
| Број и датум на лиценца за работа | | |
| Број и датум на решение за одобрување на бесплатна правна помош | | |
| Име и презиме и документ за идентификација на барателот на азил | | |
| Датум на отпочнување и завршување на правната работа | | |
| Вид на дадена правна помш | 1.Застапување во сите степени во управни постапки<br>2. Застапување во сите степени во управни спорови | |
| Превземени дејствија | Износ за извршената работа согласно АТ | Износ намален за 30% |
| Состав на образложени поднесоци | | |
| Застапување на барателот | | |

Датум и место М.П. Адвокат
Прилог: документација

**3179.**

Врз основа на член 30 став (3) од Законот за бесплатна правна помош (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19), министерот за правда донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА НАЧИНОТ ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА АДВОКАТ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот за назначување на адвокат од страна на овластено службено лице на Министерството за правда при одобрено барање за секундарна правна помош, како и при промена на назначениот адвокат.

Член 2

Од страна на овластеното службено лице се назначува адвокат од листа на адвокати на адвокатска заедница која се наоѓа на подрачјето на кое барателот на секундарна правна помош (во натамошниот текст: барател ) има живеалиште или престојувалиште и кои се запишани во Регистарот на адвокати за секундарна правна помош (во понатамошниот текст: Регистар на адвокати).

Доколку од соодветната адвокатска заедница од ставот 1 на овој член, нема запишано адвокати во Регистарот на адвокати, тогаш овластеното службено лице треба да назначи адвокат од друга најблиска адвокатска заедница.

Доколку на барателот му е одобрена секундарна правна помош во постапка која е веќе започната пред надлежен суд или орган и има ополномоштен адвокат кој е запишан во Регистар на адвокати, тогаш овластеното службено лице треба да го назначи истиот по претходно дадена писмена изјава од барателот. Ова назначување не влијае на претходно утврдениот редослед од член 3 од овој правилник.

Ако постапката за која се бара секундарна правна помош се води или треба да се води на подрачје кое е надвор од подрачјето на кое барателот има живеалиште или престојувалиште, во тој случај овластеното службено лице од подрачното одделение каде е поднесено барањето за секундарна правна помош треба да назначи адвокат од листата на адвокати на адвокатската заедница која се наоѓа на подрачјето каде се наоѓа седиштето на органот кој постапува или треба да постапува, во координација и соработка со овластеното службено лице од подрачното одделение кое се наоѓа на подрачјето каде се наоѓа адвокатската заедница.

Член 3

Назначувањето на адвокат се врши по азбучен ред од листата на адвокати кои по редослед се наоѓа по адвокатот кој претходно е назначен за адвокат во постапката за одобрување на барањето за секундарна правна помош.

Доколку барателот даде писмена изјава дека се противи за назначувањето на адвокатот од став 1 на овој член, од оправдани причини (недоверба стекната од претходна правна работа, нетрпеливост и слично) во тој случај овластеното службено лице треба да го продолжи назначувањето на адвокат кој редоследно доаѓа по адвокатот кој не е назначен.

Член 4

Овластеното службено лице пред назначувањето треба да стапи во контакт со адвокатот кој би требало да се назначи во постапка за одобрување на секундарна правна помош.

Контактот се одвива на начин што овластеното службено лице праќа известување по електронска пошта која е наведена во Регистарот на адвокати и воедно го известува телефонски за потребата за назначување за адвокат и заправното прашање кое е предмет на секундарна правна помош.

За направеното известување, овластеното службено лице треба да состави службена белешка за назначување на адвокатот, на која се приклучува кон списите на предметот за одобрената секундарна правна помош.

Член 5

Во случај на промена на назначениот адвокат, од страна на овластеното службено лице се назначува друг адвокат согласно одредбите од овој правилник.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-4062/1
27 септември 2019 година — Министер за правда,
Скопје — д-р **Рената Дескоска**, с.р.

---

**3180.**

Врз основа на член 23 став 13 од Законот за бесплатна правна помош (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), министерот за правда донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА СОДРЖИНАТА, ФОРМАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ПОДАТОЦИТЕ ШТО СЕ ОДНЕСУВААТ НА РЕШАВАЊЕТО НА ПОДНЕСЕНИТЕ БАРАЊА ЗА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ И СОДРЖИНАТА НА ИЗВЕШТАИТЕ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината, формата и начинот на водење евиденција за податоците што се однесуваат на решавањето на поднесените барања за секундарна правна помош како и содржината на извештаите кои овластеното службено лице ги изготвува на секои шест месеци.

Член 2

(1) Овластените службени лица заради водење евиденција на податоците што се однесуваат на решавање на поднесените барања за секундарна правна помош водат Уписник за секундарна правна помош (во натамошниот текст: Уписникот).

(2) Уписникот може да се води во електронска или хартиена форма на отпечатен образец, кој е даден во Прилог бр.1 и е составен дел на овој правилник.

Член 3

(1) Уписникот започнува да се води на почетокот на секоја година, а запишувањето на барањата во Уписникот започнува со реден број 1. На крајот на тековната година, заклучно со 31 декември, Уписникот се заклучува.

(2) Уписникот се заклучува на начин што под последниот реден број се става службена забелешка за вкупниот број на примени барања во тековната година, датум на заклучување со зборови, реден број со кој се заклучува Уписникот и потпис на овластеното службено лице кое го води Уписникот.

(3) Уписникот се води и заклучува од страна на овластеното службено лице.

Член 4

Од страна на овластеното службено лице, за решавањето на поднесените барања за секундарна правна помош, се изготвува Извештај на образец, кој е даден во Прилог бр. 2 и е составен дел на овој правилник.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-4063/1
27 септември 2019 година — Министер за правда,
Скопје — д-р **Рената Дескоска**, с.р.

**Прилог 1**

## Уписник за секундарна правна помош

| Број на предмет | Датум на прием на барањето | Подносител на барање | Пол | Етничка припадност | Возраст | Контакт телефонски број | Опис на правото прашање за кое барателот бара СПП | Вид на постапка | | | Датум и број на поднесените барања за податоци | Опис на останати дејствија преземени во постапка | Примени податоци (Институциј а, Датум, Број) | | Одлука (Вид, датум и број) | | | | Приговор | | | Датум и место на првиот состанок | | Одлука за прекин на секундарна правна помош | Одлука за промена на адвокат | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | Редовна | Итна | Без утврдување на финансиска состојба | | | Во рамки на законскиот рок | По истек на законскиот рок | Одобрено | Одбиено | Отфрлено | Назначен адвокат | Датум на поднесување | Решение за одобрување на | Решение за одбивање на | | | | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**Прилог 2**

## Извештај за секундарна правна помош

| Број на барања | | | Структура на барателите и правните прашања | | | | Број на решени предмети | | Начин на решавање на барањето | | | Нерешени предмети | | Приговори | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Примени | Пренесени | Вкупно | Полова структура | Етничка структура | Возрасна структура | Видови правни прашања | Во законски рок | По истек на законски рок | Одобрени | Одбиени | Отфрлени | Нерешени предмети за кои рокот за репавање изминал | Нерешени предмети за кои рокот за решавање тече | Број на поднесени приговори | Решение со кое е одобрено барањето | Решение со кое е одбиено барањето | Приговори во постапка |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**3181.**

Врз основа на член 11 став (12) од Законот за бесплатна правна помош (*) („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/19), министерот за правда донесе

**П Р А В И Л Н И К
ЗА НАЧИНОТ НА РАСПИШУВАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ КОНКУРС ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ДАВАЊЕ НА ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ НА ОВЛАСТЕНИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА И ПРАВНИТЕ КЛИНИКИ ДАВАТЕЛИ НА ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ, ПРОВЕРКАТА НА ПОДНЕСЕНИТЕ ДОКУМЕНТИ, НАЧИНОТ НА БОДУВАЊЕ ПРИ ОЦЕНУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ И ВРШЕЊЕТО НА КОНТРОЛА НА ТРОШЕЊЕТО НА СРЕДСТВАТА**

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на распишување и спроведување на јавниот конкурс, проверката на поднесените документи, начинот на бодување при оценување на пријавите за доделување на финансиски средства за давање на примарна правна помош на овластените здруженија и правните клиники и вршењето контрола на трошењето на средствата.

Член 2

Распишувањето на јавниот конкурс за доделување на средства за давање на примарна правна помош се спроведува од страна на Комисијата за распределба на средства на овластени здруженија и правни клиники за давање на примарна правна помош ( во натамошниот текст: Комисијата) преку објавување на јавниот конкурс согласно Законот за бесплатна правна помош.

Член 3

На јавниот конкурс можат да се пријават здруженија запишани во Регистарот на здруженија овластени за давање на примарна правна помош и правни клиники за давање на примарна правна помош запишани во Регистарот на правни факултети овластени за давање на примарна правна помош, што се водат од страна на Министерството за правда.

Заинтересираните овластените здруженија и правните клиники за давање на примарна правна помош за добивање финансиски средства за давање на примарна правна помош се пријавуваат со поднесување на пријава во хартиена форма преку пошта или по електронски пат преку веб страницата на Министерството за правда, на образец даден во Прилог бр. 1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Од страна на Комисијата се разгледуваат само целосно пополнетите пријави заедно со потребните документи, поднесени во утврдениот рок согласно Законот за бесплатна правна помош.

Член 5

При оценување на пријавите, од страна на Комисијата се врши утврдување на фактичката состојба и бодување на поднесените пријави, и тоа:

- општествената корист од предложениот проект за давање примарна правна помош преку јасни и остварливи цели и резултати - 20 бода,
- проценка на усогласеноста на проектните цели, кои се состојат во олеснување на пристапот до правда, со приоритетите утврдени во јавниот конкурс како и начинот на кој што обезбедената примарна правна помош ќе овозможи остварување на правата на оние за кои е наменета - 20 бода
- искуството во обезбедувањето на примарна правна помош на здружението, односно правната клиника, како и на лицата кои ќе ја обезбедуваат – 20 бода,
- подрачјето на кое ќе се дава примарна правна помош со цел рамномерна регионална достапност - 30 бода,
- јасно дефинираните цели, активности и целни групи – 20 бода и
- оправданост и висина на предвидените трошоци за обезбедување на бесплатната правна помош - 30 бода.

Член 6

Контролата на трошењето на средствата доделени за давање на примарна правна помош се врши преку поднесување на тримесечен детален наративен и финансиски извештај до Министерството за правда од страна на овластените здруженија и правните клиники, кои потпишале договори за давање на примарна правна помош со Министерството за правда, на образец кој е даден во Прилог бр. 2 и е составен дел на овој правилник.

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-4065/1
27 септември 2019 година
Скопје

Министер за правда,
д - р **Рената Дескоска**, с.р.

**ПРИЛОГ БР. 1**

## ПРИЈАВА ЗА ПРОЕКТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ

| **1.Информации за овластеното здружение/ правна клиника** | |
|---|---|
| Назив на здружението/ Правниот факултет: | |
| Правен статус: | |
| Број на Решение за упис во Регистарот на здруженија овластени за давање на примарна правна помош/ Регистарот на правни факултети овластени за давање на примарна правна помош: | |
| Матичен број на здружението/ Правниот факултет: | |
| Адреса: | |
| Телефон: | |
| Е-пошта: | |
| Фејсбук и веб-страница на здружението/ Правниот факултет: | |
| Законски застапник: | |
| Име и презиме, телефон и е-пошта на вработен/ангажиран правник: | |
| Име и презиме, телефон и е-пошта на контакт лицето од правната клиника: | |
| **2. Податоци за проектот** | |
| Наслов на проектот: | |
| Вкупен буџет на проектот во денари: | |
| Побарано од Министерство за правда во денари: | |
| Град, плански регион каде ќе се имплементира проектот: | |
| Период на имплементација: | |
| Партнери на проектот (доколку има): | |
| **3. Банкарски податоци** | |
| Сопственик на банкарската сметка: | |
| Единствен даночен број (ЕДБ): | |
| Број на сметка: | |
| Банка депонент: | |
| Потписник на сметката: | |

**3. Опис на проектот**
(не подолго од една страница)

| |
|---|
| |

**4. Цели на проектот**
(додадете дополнителни редови, доколку проектот има повеќе од 3 специфични цели)

| | |
|---|---|
| Општа цел: | |
| Специфична цел 1: | |
| Специфична цел 2: | |
| Специфична цел 3: | |

**5. Активности на проектот**
(објаснете ги активностите планирани во рамките на проектот и начинот на кој ќе бидат имплементирани)

| |
|---|
| |

**6. Очекувани резултати**

**7. Целни групи**

(наведете ги целните групи со кои ќе работите)

**8. Временска табела**

| Цел | Активности | Месеци | | | | | | | | | | | | Резултати/ продукти | Индикатори на успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |

**9. Прилози кон пријавата**

☐ Електронски пополнет Предлог-буџет во кој јасно се дефинирани буџетските линии и средствата потребни за имплементација на проектните активности

☐ Годишен извештај за работата на здружението/правната клиника за минатата година

☐ Портфолио за спроведени активности од бесплатна правна помош

☐ Кратка биографија на правникот кој е вработен, односно ангажиран да ја обезбедува примарната правна помош

☐ Изјава за партнерство (доколку се предвидени партнери)

Место и датум

Потпис и печат од овластено лице

**Прилог БР.2 –**

**ТРИМЕСЕЧЕН НАРАТИВЕН И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ**

1. **Општи податоци за проектот**

| | |
|---|---|
| Наслов на проектот: | |
| Број на договор за доделување финансиски средства: | |
| Назив на здружението или Правниот факултет: | |
| Адреса: | |
| Телефон и Е-пошта: | |
| Име и презиме, телефон и Е-пошта на вработениот/ангажиран правник: | |
| Име и презиме, телефон и е-пошта на контакт лицето од правната клиника: | |
| Град, плански регион каде се имплементира проектот:: | |
| Одобрен буџет: | |

2. **Објаснете ги активностите кои се реализирани во периодот на известување. Кои општествени промени беа предизвикани преку вашите активности? Дали има отстапувања од планираните активности и резултати и кои се причините за истите?**

3. **Кои резултати се постигнати во периодот на известување?**

4. **Опис на корисници кои добиле примарна правна помош.**

   4.1. **Колку корисници добиле примарна правна помош и каква и нивната застапеност според пол, возраст, место на живеење ?**
   4.2. **Каков облик на примарна правна помош добиле корисниците?**

4.3. Во кои правни области најчесто се бара примарна правна помош?
4.4. За колку корисници е поднесено барање за секундарна правна помош?
4.5. Колку барања се одобрени, одбиени или во процедура за периодот на известување?

5. Опис на проблемите и потешкотиите со кои се соочивте при реализацијата на активностите и како беа надминати

6. Финансиски извештај

| Трошок | Единица | Број на единици | Одобрен буџет | Вкупен трошок во тековниот период | Вкупен трошок во претходниот период | Остаток/Пречекорување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1. Плати и хонорари** | | | | | | |
| 1.1 Бруто плата (хонорар) за вработен/ ангажиран правник | За месец | | | | | 0 |
| 1.2. | Месец/дневница | | | | | 0 |
| ***Вкупно*** | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **2. Патувања** | | | | | | |
| 2.1. Локален превоз | По патување | | | | | 0 |
| 2.2. | За месец | | | | | 0 |
| ***Вкупно*** | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **3. Наемнина и комунални трошоци за канцеларија** | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.1 Наемнина | За месец | | | | | 0 |
| 3.2 Електрична енергија | За месец | | | | | 0 |
| 3.3 Комуналии | За месец | | | | | 0 |
| ***Вкупно*** | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **4. Комуникации** | | | | | | |
| 4.1 Телефон | За месец | | | | | 0 |
| 4.2 Поштарина | За месец | | | | | 0 |
| ***Вкупно*** | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **5. Други трошоци** | | | | | | |
| 5.1 Пристап до дата база со законски прописи | | | | | | 0 |
| 5.2 Осигурување од одговорност | | | | | | 0 |
| ***Вкупно*** | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **6. Вкупни трошоци** | | | | *0* | *0* | 0 |

Место и датум

Потпис и печат од овластено лице

**3182.**

Врз основа на член 12 став (4) од Законот за бесплатна правна помош (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19) , министерот за правда донесе

**Т А Р И Ф А**
**ЗА НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА РАБОТА НА ЗДРУЖЕНИЈАТА И ПРАВНИТЕ КЛИНИКИ ЗА ДАВАЊЕ НА ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ**

Член 1

Со оваа тарифа се определува надомест на трошоците за работа на здруженијата и правните клиники за вршење на работи на примарна правна помош.

Член 2

Надомест на трошоците за работа на здруженијата и правните клиники за вршење на работи на примарна правна помош се определува со бодови и тоа:

- за иницијален правен совет за правото на користење на бесплатна правна помош - 5 бода;
- за општа правна информација – 10 бода;
- за општ правен совет – 20 бода;
- за правна помош при комплетирање на барањето за секундарна правна помош – 40 бода.
- за правна помош при пополнување на формулари, обрасци издадени од управен орган во управна постапка за социјална заштита и заштита на правата на децата; пензиско, инвалидско и здравствено осигурување; заштита на жртви на родово базирано насилство и семејно насилство; постапка за упис во матична книга на родени; стекнување со документи за лична идентификација и државјанство – 40 бода и
- за составување на претставки до Комисијата за заштита од дискриминација и до Народниот правобранител на Република Северна Македонија барања за заштита на слободи и права до Уставниот суд на Република Северна Македонија – 80 бода.

Вредноста на бодот изнесува 25 денари.

Пресметувањето на надоместокот се врши во денари, а плаќањето е на жиро-сметката на здружението односно правниот факултет.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на оваа тарифа престанува да важи Тарифата за надоместок на трошоците за работа на здруженијата за вршење на работи на претходна правна помош („Службен весник на Република Македонија“ бр.65/10).

Член 4

Оваа тарифа влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-4047/1
26 септември 2019 година
Скопје

Министер за правда,
д - р **Рената Дескоска**, с.р.

# АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

**3183.**

Врз основа на член 149 став (2) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16 и 64/18), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ, ВРЕМЕТО НА ЛЕТАЊЕ И ВРЕМЕТРАЕЊЕТО НА ОДМОРОТ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ЕКИПАЖОТ НА ВОЗДУХОПЛОВ**

Член 1

Во Правилникот за организацијата на работното време, времето на летање и времетраењето на одморот на членовите на екипажот на воздухоплов („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/15), во членот 2 точки (8) и (13) зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 10-1156/3
24 септември 2019 година
Скопје

Директор на Агенцијата за цивилно воздухопловство,
д-р **Томислав Тунтев,** с.р.

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3184.**

Врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 16 и член 149 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 96/2018 и „Службен весник на РСМ“ бр. 96/2019) и член 8 од Правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт („Службен весник на РСМ“ бр. 103/2019), а имајќи ги во предвид Законот за акцизите („Службен весник на РМ“ бр. 32/2001...120/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.108/2019), Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на РМ“ бр. 44/99...198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 98/2019 и 124/2019), Законот за животната средина („Службен весник на РМ“ бр. 53/2005... 99/18) и Уредбата за начинот на утврдување, пресметување и уплатување на надоместокот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати што се плаќаат при увоз и/или производство на нафтени деривати („Службен весник на РМ“ бр.138/09...51/14), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 30.9.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИ МАЛОПРОДАЖНИ ЦЕНИ НА НАФТЕНИТЕ ДЕРИВАТИ И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ**

Член 1

(1) Највисоките малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт, изнесуваат:

| | |
|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 68,50 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | 71,00 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 63,00 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | 52,50 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | 33,158 (денари/килограм) |

(2) Трговците на големо и трговците на мало со нафтени деривати и горива за транспорт можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати и горива за транспорт и пониско од највисоките цени утврдени од став (1) од овој член.

(3) Највисоките малопродажни цени формирани согласно став (1) на овој член, освен цената за мазутот М-1 НС, важат франко пумпна станица, а цената на мазутот М-1 НС важи франко склад на трговец на големо со нафтени деривати и горива за транспорт во земјата.

(4) Во највисоките малопродажни цени формирани согласно овој член содржан е данокот на додадена вредност согласно Законот за данокот за додадена вредност.

Член 2

(1) Во највисоките малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт утврдени со членот 1 од оваа Одлука, содржани се и највисоките набавни цени, кои изнесуваат:

| | |
|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 28,808 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | 30,648 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 31,320 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | 31,539 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | 26,010 (денари/килограм) |

Член 3

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа Одлука, содржан е и највисокиот надоместок за големопродажна маржа во износ од 1,20 денари/литар, односно 1,20 денари/килограм за мазутот М-1 НС.

Член 4

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа Одлука, содржан е надоместокот за највисока малопродажна маржа за Еуросупер БС-95, Еуросупер БС-98 и Еуродизел БС (Д-Е V) во износ од 4,60 денари/литар, односно за Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) во износ од 4,52 денари/литар, и вклучени транспортни трошоци од склад до бензински станици во износ од 0,75 денари/литар за сите нафтени деривати, со исклучок за мазутот М-1 НС.

Член 5

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа Одлука содржан е надоместокот за финансирање на активностите во областа на животната средина кои согласно Законот за животната средина го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон и тоа:

| | |
|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 0,080 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | 0,080 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 0,030 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | 0,040 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | 0,050 (денари/килограм) |

Член 6

Во малопродажните цени утврдени со членот 1 од оваа Одлука содржан е надоместокот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати кои согласно Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон при увоз и/или производство на нафтени деривати и тоа:

| | |
|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 0,890 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | 0,890 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 0,300 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | 0,300 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | 0,740 (денари/килограм) |

Член 7

Во малопродажните цени утврдени со членот 1 од оваа одлука акцизите кои ги плаќаат обврзниците согласно Законот за акцизите, изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 21,723(денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | 22,001 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 15,190 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | 6,143 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | 0,100 (денари/килограм) |

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 00:01 часот на 1.10.2019 година и истата ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

Бр. 02-3113/1
30 септември 2019 година
Скопје

Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2019 година изнесува 10.100 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.**

ISSN 0354-1622

2019199